Кошаркарска Федерација на Северна Македонија

КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА КУП НАТПРЕВАРУВАЊЕТО „БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ - БУШТУР 2025“**

Почитувани,

Согласно Членот 51 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги, начин на бодување, односно членовите 51.1 и 51.2, одредување на пласман за Купот на РС Македонија во машка конкуренција, ве известуваме за следното:

| ТАБЕЛА ПРВА ЛИГА МАЖИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| # | екипа | он | поб | пор | кд | кп | кр | бод |
| 1. | ТФТ АД | 11 | 9 | 2 | 887 | 840 | 47 | 20 |
| 2. | МЗТ СКОПЈЕ АЕРОДРОМ АД | 11 | 8 | 3 | 921 | 773 | 148 | 19 |
| 3. | ПЕЛИСТЕР АД | 11 | 8 | 3 | 934 | 870 | 64 | 19 |
| 4. | ЧАИР 2030 АД | 11 | 7 | 4 | 964 | 916 | 48 | 18 |
| 5. | МКК КУМАНОВО АД | 11 | 7 | 4 | 884 | 844 | 40 | 18 |
| 6. | КОЖУВ АД | 11 | 7 | 4 | 876 | 838 | 38 | 18 |
| 7. | РАБОТНИЧКИ АД | 11 | 7 | 4 | 877 | 840 | 37 | 18 |
| 8. | ГОСТИВАР АД | 11 | 4 | 7 | 817 | 803 | 14 | 15 |
| 9. | ТИКВЕШ АД | 11 | 3 | 8 | 865 | 924 | -59 | 14 |
| 10. | ШКУПИ АД | 11 | 3 | 8 | 812 | 913 | -101 | 14 |
| 11. | ФЕНИКС 2010 АД | 11 | 3 | 8 | 829 | 932 | -103 | 14 |
| 12. | ВАРДАР АД | 11 | 0 | 11 | 792 | 965 | -173 | 11 |

Со оглед дека по завршувањето на првиот дел, односно единаесетте (11) кола во МТЕЛ Првата лига - мажи, има екипи кои се изедначени по бодови, со овој документ се официјализира рангирањето и пласманот на екипите во четвртфиналната (1/4) фаза од Куп натпреварувањето „Благоја Георгиевски - Буштур 2025“, а согласно постоечките правила на ФИБА, кои се со важност од 01.10.2024 година.

Согласно службените кошаркарски правила, под точка Д, Пласман на екипите, се вели:

Д.1.1 Екипите ќе бидат рангирани согласно нивните одиграни натпревари, поточно победени – загубени натпревари, со 2 поена за победен натпревар, односно 1 поен за загубен натпревар (вклучувајќи и натпревари загубени поради недоволен број на играчи) и 0 бодови за натпревар загубен без игра.

Д.1.2 Процедурата во рангирањето на екипите важи и за сите двокружни системи.

Д.1.3 Ако две (2), или повеќе екипи имаат исти бодови од нивните победени, односно загубени натпревари во лигата, само натпреварите помеѓу овие две (2), или повеќе екипи ќе одлучат за финалниот пласман.

Ако овие две (2), или повеќе екипи имаат исти бодови, односно ист соодност помеѓу победените и загубени натпревари, редоследно ќе бидат земени предвид следниве критериуми:

- Подобра кош разлика од натпреварите одиграни помеѓу нив,
- Поголем број постигнати поени на натпреварите одиграни помеѓу нив,
- Подобра кош разлика од сите одиграни натпревари во лигата,
- Поголем број постигнати поени на сите одиграни натпревари во лигата.

Ако и после овие критериуми се уште е изедначен нивниот пласман на табелата, предвид ќе се земе моменталниот пласман на табелата од тековната натпреварувачка сезона.

Д.1.4 Ако со било кој од овие критериуми се рангира една, или повеќе екипи, процедурата од точката Д.1.3 ќе се повтори од почетокот за сите останати екипи кои не се рангирани.

**Второ (2) и трето (3) место**

| Коло | натпревар | | резултат | |
|---|---|---|---|---|
| 2 коло | Пелистер АД | МЗТ Скопје Аеродром | 68 | 67 |

| пласман | екипа | победени | поразени | дадени / примени поени | кош разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Пелистер АД | 1 | 0 | 68:67 | +1 |
| 3 | МЗТ С. Аеродром АД | 0 | 1 | 67:68 | -1 |

**Четврто (4), петто (5), шесто (6) и седмо (7) место**

| Коло | натпревар | | резултат | |
|---|---|---|---|---|
| 1 коло | Чаир 2030 АД | Кожув АД | 99 | 79 |
| 2 коло | Работнички АД | Чаир 2030 АД | 86 | 63 |
| 6 коло | Кожув АД | МКК Куманово АД | 82 | 74 |
| 9 коло | МКК Куманово АД | Работнички АД | 85 | 83 |
| 10 коло | Чаир 2030 АД | МКК Куманово АД | 91 | 95 |
| 11 коло | Кожув АД | Работнички АД | 81 | 79 |

| пласман | екипа | победени | поразени | дадени / примени поени | кош разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | МКК Куманово АД | 2 | 1 | 254:248 | +6 |
| 5 | Кожув АД | 2 | 1 | 242:252 | -10 |
| 6 | Работнички АД | 1 | 2 | 243:230 | +13 |
| 7 | Чаир 2030 АД | 1 | 2 | 253:260 | -7 |

Согласно претходното, формирани се следните четвртфинални (1/4) двојки кои ќе разигрувaат во завршницата на Купот на РС Македонија за 2025 година, „Благоја Георгиевски - Буштур“.

**Четвртфинале (1/4):**

Двојка 1. (1) КК „ТФТ АД“ - (8) КК „Гостивар АД“, 13.02.2025 година, четврток,
Двојка 2. (2) КК „Пелистер АД“ - (7) КК „Чаир 2030 АД“, 13.02.2025 година, четврток,
Двојка 3. (3) КК „МЗТ Скопје Аеродром АД“ - (6) КК „Работнички АД“, 13.02.2025 година, четврток,
Двојка 4. (4) МКК „Куманово АД“ - (5) КК „Кожув АД“, 13.02.2025 година, четврток,

**Полуфинале (1/2):**

Победник од двојка 1 со победник од двојка 4, 14.02.2025 година, петок (Двојка 1).
Победник од двојка 2 со победник од двојка 3, 14.02.2025 година, петок (Двојка 2).

**Финале:**

Победник од двојка 1 со победник од двојка 2, 15.02.2024 година, сабота.

**Конкурс:**

Согласно Правилникот за Куп натпреварувања, Кошаркарската Федерација на Република С. Македонија ги поканува заинтересираните правни и физички лица да поднесат пријава за организатор на Финалниот турнир на Кошаркарскиот куп - **„Благоја Георгиевски - Буштур 2025“,** во машка конкуренција.

Поднесувањето на пријавите е на следната емаил адреса: contact@basketball.org.mk.

Организаторот на финалниот турнир за Купот 2025, кој ќе се одржи на 13-15 февруари 2025 година, ги добива правата и обврските што му припаѓаат според Правилникот за Куп натпреварувања и според Прирачникот за организација на финалниот турнир.

Поздрав,

Комесар за натпреварување

Александар Милојевиќ